## Правете редовни контроли на HbA1c и редовни прегледи

| | |
|---|---|
| Дали бевте двапати на заболекар годинава? | ☐☐ |
| Направивте ли кардиваскуларен преглед годинава? | ☐ |
| Го проверивте ли Вашиот крвен притисок? | ☐☐☐☐ |
| Дали доволно често ја мерите вашата тежина? | ☐☐☐☐ |
| Направивте ли редовен тест на урина? | ☐ |
| Дали годинава бевте на очен лекар? | ☐ |
| Ги прегледавте ли Вашите стапала? | ☐☐☐☐ |
| Дали направивте HbA1c тест? | ☐☐☐☐ |

Бројот на празни квадратчиња означува број на прегледи во тек на 1 година. Доколку има 4 квадратчиња тоа значи контрола на секои три месеци, а 2 квадратчиња на секои 6 месеци.
Забележете си дали Вие ги направивте потребните прегледи.

го менуваме дијабетесот

ФЗОМ

ЗПЛРМ

## Дали го проверивте Вашиот тримесечен просек- HbA1c?

**Редовна проверка на** гликозилираниот хемоглобин-**HbA1c на секои 3 месеци** е исклучително битна во борбата за добро справување со дијабетесот, бидејќи на таков начин ќе имате најточна информација за тоа дали дијабетесот Ви е под контрола.

По секоја направена проверка задолжително консултирајте сè со Вашиот лекар кој ќе Ви каже дали добиениот резултат покажува дека добро го контролирате дијабетесот или е потребно да се направи промена во Вашите навики или терапија со цел да постигнете подобра контрола.

Кај најголем дел на лица со дијабетес **се смета дека со постигнување на вредност на HbA1c под 7% дијабетесот е добро контролиран**, но сепак целните вредности најдобро е да ги договорите со Вашиот лекар, бидејќи тие може и најдобро е да бидат индивидуално прилагодени.

Со постигнување на добра контрола докажано влијаете на спречување или одложување на појавата и развојот на компликации од дијабетесот.

### Компликации од дијабетесот

**Компликации на малите крвни садови** - оштетување на видот, бубрезите, нервите и дијабетско стапало.





**Компликации на големите крвни садови** - нарушена циркулација, болести на срцето и крвните садови (вклучително и инфаркт на срцето, мозочен удар) и др.




## Со намалување на вредностите на HbA1c го намалувате ризикот од компликации

**1%**
**намалување на $HbA_{1c}$**

**... драстично го намалува ризикот од сериозни компликации**

**$HbA_{1c}$ -1%**



**-14%** — **Инфаркт на срцето**



**-37%** — **Компликации на малите крвни садови**



**-21%** — **Смрт асоцирана со дијабетес**

Извор на податоци - UKPDS

**ЗАПОМНЕТЕ:** Компликациите од дијабетесот се Вашиот вистински непријател. Дијабетесот не боли и вообичаено не предизвикува потешкотии сѐ додека не се јават првите компликации. Тие го нарушуваат квалитетот и/или должината на животот.

**Од Вас зависи дали ќе ги спречите компликациите или ќе го забавите нивниот развој.**
**Од Вас зависи дали ќе живеете подолго и поквалитетно!**